Стефан Костоски

# Гирланда

ГИРЛАНДА
Стефан Костоски

Издавач:
Современост - Скопје

За издавачот:
Стефан Марковски

Уредник:
Славчо Ковилоски

Лектура:
Верица Тоциновска

Компјутерска обработка:
Даниела Крстевска

Тираж: ???

Стефан Костоски

# ГИРЛАНДА

СОВРЕМЕНОСТ
Скопје, 2020

*На сестра ми Наташа*

## Жед

Во сонот на ветрот
забранет е танцот на тревата
допирите на растенијата
па и шуштежот на лисја
Само починка на милостивите
Погледи во празно

Мирнотија...
Нечујна молитва

Подгорените краеви на небото
оставаат плуски на дланките

Сега се исполнува сонот
со благо роморење
Таму рацете се ракуваат
Со дождот.

## Есен

Потешки и станувaме на земјата
кога дрвјата ќе се разголат
а тревата ќе ја изгасне жедта.
Тогаш на уличните светилки
им се зголемува работното време.

Ветрот – пушач страстен
го остава никотинот на лисјата
а тие отруени паѓаат во тажен крик.

Температурата ни наложува да дишеме
од фабричките оџаци. А облаците
кои како старци се влечат
ни ја праќаат мелодијата на дождот
во која заспиваме.

## Пладневна хоризонтала

Со радост го чекаме сонцето на нашата трпеза.
Кога очите пламени ги демнат црвите
грбот врз тревата остава трага на спружен орел.

Погледот се вгнездува во смиреноста на крилјата

Небото е жена која не се храни со плодови

Молњата ќе го повика денот
кога сонцето ќе умре пред голотијата на животот.

## 18 Октомври, 2012

Понесен од празнотијата
откинувам влакно од твојата коса
за да го прикажам својот живот

Осаменоста ми помага да откривам тајни
да уживам во цигарата
и водата од фонтана

Се почесто ги гледам прстените на ноќта
кои ги очекуваат твоите раце
пред сиромаштијата на моето срце.

## **Надеж**

Заспав на она дрво без коси
на ветрот – немоќни раце
На небото – тага
понесена од срце гнило.

Заспав на оној камен кој се двоуми
пред напливот на бранот
На небото – тага
понесена од срце гнило

Заспав на оној мост
создаден од мириси и чекори тешки
На небото – надеж
понесена од срце гнило.

## Неделивост

Рацете ни се врзано во чвор
Часовниците ги движат нашите сенки
Се сеќаваме на тишината
кога самовила се искапи во морето

Фрли ги бисерните обетки
Лисјата во ноќта се магични
Магична е нашата свадба носена со денови

Песни од небото во рацете ни сонат.

## Патници

Ја исцртавме нашата патека
и ајде сега да врвиме
(ноќта беше далеку пред нас)
Чекорите нека ни бидат умерени
а мислите изваjани до совршенство
Да ги поминеме
овие ридови
овие планини
Пред нас што се вишат
За да се искапеме во морето
портокалово.

## Денување

Песот го душка денот.
Од исток се слушаат гласови на деца
а јас ги премерувам четирите ѕида
врз кои паѓа светлината новородена.

Му се смееме на сонцето
додека едното око го гледа
а другото му намига.
Раката е задоволна со бисерите во снегот.

Сенката нема каде да оди
освен во своето тело.
Така чекорите се враќаат сами
додека мракот паѓа како застрелан војник.

## Во природа

Дрвјата се качуваат
во вагоните на ветрот

Џагорот на мирисите
врз пријатниот килим на сонцето
го навестуваат милиот допир на синевината
која се буди во погледот зелен

Крај патот се нуди сладоста -
- миироповедение во молитвата на зракот

Птиците опсипени со радост
во спомените ја бришат сликата
со белината на своите крила.

## Летна ноќ

Таа вечер
неколку ѕвезди
се преселија на земјата
Помили од земјата им беа сенките
кои се распакуваа
сред веселоста на играта
на светулките.

Лицето неколку пати
се среќаваше со ветрот
Комарците настојуваа од топлината
да го земат сонот

Езерото беше спокојно
врз лесните гради на ноќта -
во нејзиното слепило
се испили една гулабица

Таа вечер
некаде расцвета ружа
која беше откината
од крадец на насмевки
под нечии ѕвезди.

***

Дрвото не може да побегне
Од топлиот стисок на сонцето
Ги отвораме устите за да полудиме
Тркалајќи се
Ќе се родиме на подножјето
Кога од здивот на полната месечина
Ќе испари животот.

***

Ги пуштив моите кораби
Во разбранетото море
Да бидат очи
На моето небо.

***

А езерото се вознемири
Со своите раце
допираше до брегот
барајќи ги ноќите
на нашите нежности.

# Дожд

На А. Мицески

Не отворај ја вратата
Гледај ги сребрените плетенки обесени на балконите
Малите балерини кои се раѓаат во светнатите огледала
Како сонливо се вртат во замисленатa светлина

Улиците ги гаснат последните цигари со поглед испрајќајки го големиот
Сив херувим кој лета над куќите
Смрт залепена на чевлите кои влегуваат во гостилницата
Со изморено име кое едвај ги држи клепките
Лисјата се нишаат сликите излегуваат и се враќаат во својот простор
Чиниите тропаат ракавите ги бришат
Последните допири последните разговори

Ламбата ме наоѓа Јас сум слухот на ветрот
Ова езеро се полни во моите очи
Светот се претвора во банкнота!

Можеш да ги видиш планините? А колку силно не повикуваа
Одам кон привидот О песни што ве пеевме со звукот на третата кригла пиво
Твојот глас може да стане вечерен авион Ѕвезда која се грее на Месечината

Дотука стигнавме и гледај гледај гледај
Маглата се крева пред нас Не се сеќаваме Продолжуваме
И едно езеро се полни во нашите очи.

# Икар

Кој не натера на ваков лет
Возобновен од градите
На нашите урнатини?

Го усетувам жешкиот поглед
Распнат врз сонцето на осаменоста

Еве сме, склупчени во растежот
На привидните сенки

Во празно небо се будам
Заборавајќи на трагата
Од мојот исплашен чекор

И да избереш да бидеш птица
Не ќе го видиш менувањето на трските
Ниту музиката на создавањето ќе ја чуеш
При отворени очи.

## Баханал

*Според сликата „Баханал“ од Тицијан*

Како леб се раздава
радоста во Андрос.
Земјата нараснува
во боите на песните
судрени со смеата
на игрите.
Фустанот на една девојка
го најавува
небото чисто.
Некои исполегнати
Други во разговор влегле
Трети непрестајно пијат.
Аријадна спие.
Милоста на Дионис ја чека.

# Хоризонти

I

Нема да ми го препознаеш гласот
Под овие карпи
Каде пеперутките и ракоплескаат на зората
Со мокри коси

Нема да ми го препознаеш гласот
Во овој плод
Од каде ги црпам сите хоризонти
Јас постојам во вкусот на овој плод

Пробај да ме слушнеш
И вечноста ќе ја имаш на дофат.

II

Кога ќе слегуваш од врвот
Немој да ми кажеш
Дека нема да застанеш крај изворот

Во неговата бистрина ќе видиш
Два бели коња
Што се судираат

И сонцето ќе го видиш –
(Ладно ќе биде)
И на вратот и на лицето ќе го ставиш –

За да продолжиш!

III

Завчера видов тешки облаци
Во далечините

Вчера видов еден цвет
Како се ниша на ветрот

Денес гледам како сонцето
Ми ја открива дланката полна со јорговани.

## Ѕидови

I

Не ќе ме додржат
Овие ѕидови
Вити
Не ќе се видат
Отаде нив
Ќе се престорам
Во птица
Во птица преселница
И одново
Ќе го видам светот
И можеби
Ќе се заљубам.

## II

Мојата соба
има две мали
прозорчиња.
Едниот
го затворив
со расфрлените
книги
и темнината
падна
врз мојот
кревет.
Паднав
и јас
врз ѕидот
кој дели
светлина
од темнина.

III

Меѓу нас подигнаа ѕид –
Налик на берлинскиот.
Оние што дење не влечат за нос,
Навечер наоѓаат тајни премини
Во ѕидот. Задоволно се клештат.
Ограниченоста на движењето
Те претвора во риба
Штотуку уловена. Како куче
Почнуваш да гледаш црно – бело.

# Песна 1

I

Сонцето кое ги жежи
грбовите на планините
мечтае за допир врз просторите
кои ги запоседнале гротескните сенки.

Јас, седнат, мечтаам по ѕвезда
која се лизга како
дождовна капка врз чадор.

II

Лисјата на дрвјата
полегнати во скромниот ветар
го имитираат жуборот на водата.

Еден лист падна врз моите гради и
ме исплаши!

III

Мравките врз песокот
создаваат мали атомски бомби.
Бетонот, постепено ја зголемува
температурата. На небото
гледам лица кои го покажуваат
патот кон пространствата.

IV

Келнерките во блискиот ресторан
вртат околу масите
како муви заробени во соба.

Храната скапува далеку
од погледите на гладните.
Кучињата се секогаш спремни за игра.

V

Зракот, носен од милион
пеперуги, полегнува врз тревата.
Збива тешката свежина
под заслепувачката светлина
нудејќи ги зелените усни.

Жуборат солзите на вечноста –
нашиот единствен спомен
е овој чекор кон почетокот.

Еден лист падна врз моите гради и
не ме исплаши.

## Песна 2

I

Една шарена топка лета над ридовите.
Зракот, кој пропаѓа,
врз прозорците ги лепи
штотуку украдените бои
од последниот свечен миг.

Крстот блеснува како стаклено винско
шише фрлено на брегот.

II

Мракот кој надоаѓа
ги става рибарите во мраморниот
музеј на силуети.
Икрата која лета
е плод на едно растојание
Небото е опсипано со бакнежи.

Дали ја згазив мравката која пренесуваше храна?

III

Дрвјата личат на Тот
(мора да ја заштитам Маат!)
А потаму, Полифем со светлото око
Се уште го бара чунот на Улис.

Птиците одлетуваат. Се стишува музиката.
Нозете се уморни.
Долго одев до овој цвет кој израснал на карпа.

## После полноќ

Реките течат самотно.
Ги слушам, иако не ги гледам.
Исто како и солзите во луѓето.

Врвовите на планините
Се плашат да погледнат надолу
И несвесно стрелаат во небото.
Чуварите на Убавината и Древноста
Се ретчат по падините.

Дождот се искачува
По полноќната светлина.
Нивната еротска поврзаност...

Кантите кои биле полни со вар,
Сега, фрлаат сенки од цвеќиња.

Некаде треперат светла. Треперат тела.
А, дождот, разлева еден ист тон
По улиците.

## Ера и Леандар

Душата и наликува на темното море,
а срцето како камче – жаба
и потскокнува врз забите на морето.

Светлината од фенерот го смалува
просторот на неговата битка.
Овде, на погледот милоста
ќе занеме туѓ сон по беспаќата.

Ветрот ја истура темнината
како немарно турната чаша
полна со црно вино.
Усните треперат
Како последното жарче во огнот.

Ах! Часот веќе трага
По нежни допири и бакнежи.
Каде е присуството на гласови?
Глува ноќ!

Далечината е болна искажана мисла.

## За прв пат

*На П.Атанасова*

За прв пат толку нежност
во моите растреперени раце
За прв пат толку љубов
во моите очи
О образи на пролетта!
О тело на светлината!

Твоите чекори водат
кон спокојни реки
кон шум на брсјаци
кон насмевки во зраци
меѓу два разиграни листа.

За прв пат
подражавам совршена убавина!
Сликам:
очи ко расцутени мешунки крај патот
нос ко бран на свежината на брегот
уста ко небо на изгрев кој в гради ми дише.

## Присуство

Чекорам, велам, покрај тебе
Во распрсканите атоми
На воздухот. Се составувам
Во еден земен здив
На погледот кој заоѓа
Меѓу цврстите нозе
На коњот.

## Мирис

Во косите твои ставив цвеќе
За да може ветрот
Полесно да го дофати мирисот
И одвее до облаците
А тие возљубен да го вратат
Во дожд од бакнежи.

## Дрво

Зелениот гуштер
Се сокрива
Зад прстите на ветрот
И за миг се враќа
Огладнет
Во дланките на бранот.

## Тело

Чистота при допир низ солзи
од ова Јаство кое гледа назад
кон суровите камшици на Историјата

Моето отимање е пасивност –
скрстени раце пред големите прсти на публиката
На мене се исцртани затворени усти раскрвавени
Инструмент сум кој дава звуци на страдање
и носам траги од сите нешта кои ги отфрлам

Се стремам кон моќта.
Несвесно станувам затвор.

***

Го допивам последниот зрак
Хоризонтот се оддалечува од моето
топло тело
оставајќи го скриено зад ѕидовите.

Невротичниот звук на моторот
кој се губи зад аголот на улицата
ги тресе прозорците.

Улиците ја губат својата свеченост
Градините – своите бои.

Го допивам последниот зрак
Постелата е спремна за оваа доба.

# Доаѓање на мракот

Спротивностите ги оставив
Да се мешаат
Одново и одново
Капките дожд
Долго патуваа до светкавиот набој
На лисјата.

Прекршените цветови
За првпат се допираат
Додека свилата шумоли
Патниците се лизгаат врз неа.

Доаѓање на третата фаза...

Во мрачната роса
Се огледуваат мртвите гласови
На птиците. Тие ко разбрборени деца
Кои се враќаат од школо
Заминуваат да научат да умрат
Пренесувајќи ја песната.

Тревата се спружила
Во жегата на земјениот мирис.
Постоењето е болка.
Човекот го знае тоа.

Огледалото од вдишувања во лифтот
Носи души во полукругот
Кој трепери.

## Време и простор

Часовниците лудуваат.
Догорче од небото.

Фрлениот клуч е сламка
Која се искачува по телата.

Ветрот губи рамнотежа
И паѓа врз рамената на боровите.

Го затворам прозорецот. Со него
Се движам по сите четири страни

Додека не се сместам пред огледалото
Каде започнува карневалот.

Во крајот е ужасот –
Црната мачка меѓу тулите.

## Вазна

Неколку залутани гласови
Ми дошепнуваат дека
Цветот виден одблизу
Означува еден свет.

Формата останува иста.
Водата се повлекува.

Ако е можно
Нека ме одмине оваа вазна.
Легнат на грб гледам
Како ме одминуваат цветовите на небото.

## Слабост

Ќе ме убиеш во сивилото на облаците
Кога ракава ќе ја протегнам
Кон отскриената планина од свежи мириси

Ќе го слушаш ветрот
Во кој свири лирата на Орфеј
А јас ќе плачам во сенката на твојот насмев

О смртнику
Од тажните превои на созданието древно
Ќе пишуваш и ќе се смееш
Пред недопрената слобода
На Утрешнината.

# Врапчиња

Јас од едната страна
Таа од другата. Го кршиме лебот.
Во средината на нашиот напор
Е зародишот на песната врз усните на градот.

Зачекоруваме фатени за рака кон брегот на зракот.
Ќе бдееме врз денот - трпезата на врапчињата.

## De profundis

За поетите, искреноста е вообичаена.
Движејќи се помеѓу Сенките и Сонцето
(притоа трудејќи се да не стапнам на Сенките)
Ја гледав замрзнатата птица во боите на Времето.

Што ќе понесеме – тоа и ќе добиеме.
Завршните зборови не значат ништо.

# Сликањето светлини и одблесоци во поетските мозаици на Стефан Костоски – Осврт кон стихозбирката „Гирланда“

Стефан Костоски (Охрид, 1991) со својата стихозбирка-првенец составена од помалку од триесетина песни, уште од самиот почеток најавувајќи ја можноста рацете да се ракуваат со дождот, успева да го ракува сопствениот стих со зракот светлина и надеж налик митски оган во кој трепери последното жарче што потсетува на усни на љубовници со несреќен крај, зрак кој самото ова поетско дело го отелотворува.

За овој нов македонски поет на светлината, Поезијата е не само мозаик од неброени поетски слики, туку древна светлост со која сонцето в час што трага по нежни допири си ги испишува мечтите раздавајќи ја радоста како леб. Таква која умее да го разискри сфаќањето дека далечината е само болна искажана мисла, а ѕвезденото небо, подгорено околу краевите – жена која не се храни со плодови, додека ѕвезди му се излизгуваат како дождовни капки врз чадор.

Поетските слики при чие вешто создавање и нижење стихотворецот зел инспиративен урнек и во делото на основачот на Венецијанската сликарска школа – Тицијан нараснуваат налик земјата во боите на песните судрени со смеата на игрите, се градуираат налик ридови и планини пред портокалови мориња, асцендирајќи кон божественоста на небото, некогаш празно, спремно за будење, друг пат – исполнето тага и надеж, заборавајќи на трагите од сопствените бои.

За поетот-сликар на светлини, историјата е платно, митологијата – бои, а изградениот, возвишен стил – четка

чии елегантни движења се налик ветрот во кој се слуша лирата на Орфеј.

Метафорите и со зборови и со движења на четката се изведени минуциозно, концентрирано запазувајќи ја, а потоа претворајќи секоја обезбоена точка од просторот во столб на неговата Едност.

Стиховите на Костоски се пијат и допиваат како нивниот последен зрак, како префинето, старо вино кое некогаш ги заплискувало ѕидовите од силно сјаечко шише фрлено на брегот од едно улисовски разбранувано море во кое поетот си ги пушта корабите за да бидат очи на неговото небо додека, легнат на грб, ги посматра цветовите кои во исто време патуваат низ него.

Во нив обединувачки се прекршуваат омнипрезентните машки и женски принципи, потиснати чувства и трансцедентни летови, Ерос и Танатос, две очи од кои едното гледа во Сонцето додека другото му намига, светлини и сенки придвижени од часовници, прстените на ноќта и денот над кој се бдее за да се денува, природата и фабриките со своите разбеснети оџаци, немирните води и малото парче копно кое секој патник го носи со себе, пловејќи, макар и во улога на рибар кој чека да е ставен во мраморен музеј на силуети штом заврши со патувањето. Тоа се стихови на прекршувања, продори и проници од сите страни на јавето како леб кршен и пробиен од две спротивни страни од врапчиња.

Стихот е леб раздаден по улиците на градот што наглас го пее, додека неговиот творец како Икар, но и икра – плод на едно растојание, ги надлетува градите на неговите урнатини.

Со задоволство и желба за продолжување на творечката одисеја можеме да констатираме дека Костоски како еден од неколкумината млади неоромантични, неосимболични, а истовремено модерни македонски поети во своето деби успеал да ги амалгамира ваквите прекршувања, но и премини во елегантен и стилизиран, метафизички поетски

дискурс втемелен на идејата за совршеноста и светоста на причинско-последичната врска за постоењето и функцијата на секој (светло)збор.

Продуховеноста и вербата дека инспирацијата треба да претставува појдовен модус на една поезија која реферира по најдлабоките слоеви на, опкружената од сни реалност, како централни творечки позадини ја навраќаат надежта дека во современата македонска поезија ќе избие сноп светлина што ќе ги осветли и разоткрие новите патеки кон светата и светотворна моќ на зборот-симбол.

Стефан Марковски

# Рецензија
# за
# за стихозбирката ГИРЛАНДА од Стефан Костоски

Задоволство ми е да ја претставам книгата ГИРЛАНДА од младиот поет Стефан Костоски како проект од национален интерес во културата за 2020 година. Иако станува збор за дебитанска книга младиот поет нѝ се претставува со изградена поетска самосвест и ни понудува извонредни стихови што го заслужува нашето внимание, пред сѐ со спецификата на своите формално-содржински карактеристики кои ја прават лирски целесообразна и естетски релативна творба, но се добива на префинетата градба на стихот.

Поставен пред сложена задача сопствениот поетски сензибилитет иновациски да го отвора и манифестира, младиот поет многу нешта ѝ подарува на авантурата на зборот, изведувајќи инверзни метафорички склопови, игриви и необични интервенции во поетската синтакса, кои напати ја збогатуваат песната со понагласен емнотивен набој, компониран со извонреден усет за балансираност на доминантните мотиви. Во центарот на мотивскиот заграб се метафоричките слоеви, кои се пластат еден врз друг згуснувајќи го лирскиот пев.

Многу лирски одредници го провоцираат поетовото интересирање речиси во целиот ракопис, овозможено е трагање по причинските и последичните меѓузависности кои го храбрат изворот на животот да ја дофаќа убавината и да ги открива бескрајните изразни можности на нашиот јазик. Како илустрација ќе ги наведам песните: Пладневна хоризонтала, Неделливост, Патници, Баханали, Икар, но и другите го потврдуваат овој факт.

Движејќи се низ метафоричкиот густеж на песните, постојано сме заплиснувани од лирската енергија на спро-

тиставените сили: на светлините и светоста, од една страна, и на темнилата и мртвилата – од друга. Поетот суптилно нè предупредува да не се самозаборавиме себеси и да не го самопренебрегниме своето. Силата на овој лирски говор остава трајни впечатоци кај љубопитниот читател.

Со особено задоволство го препорачувам овој проект да биде прифатен и одобрен како проект од национален интерес во културата за 2020 година.

Славе Ѓорѓо Димоски

# Содржина

Жед ........ 7
Есен ........ 8
Пладневна хоризонтала ........ 9
18 Октомври, 2012 ........ 10
Надеж ........ 11
Неделивост ........ 12
Патници ........ 13
Денување ........ 14
Во природа ........ 15
Летна ноќ ........ 16
Дожд ........ 20
Икар ........ 21
Баханал ........ 22
Хоризонти ........ 23
Ѕидови ........ 26
Песна 1 ........ 29
Песна 2 ........ 34
После полноќ ........ 37
Ера и Леандар ........ 38
За прв пат ........ 39
Присуство ........ 40
Мирис ........ 41
Дрво ........ 42
Тело ........ 43
Доаѓање на мракот ........ 45
Време и простор ........ 46
Вазна ........ 47
Слабост ........ 48
Врапчиња ........ 49
De profundis ........ 50

Сликањето светлини и одблесоци во поетските мозаици на Стефан Костоски – Осврт кон стихозбирката „Гирланда“, Стефан Марковски ........ 51

Рецензија за за стихозбирката ГИРЛАНДА од Стефан Костоски, Славе Ѓорѓо Димоски ........ 55

**Издавач:**
СОВРЕМЕНОСТ
ул. Френклин Рузвелт бр. 8 Скопје

**За издавачот:**
Стефан Марковски

**Уредник:**
Славчо Ковилоски

**Печати:**
Академски печат, Скопје
akademskipecat@yahoo.com

Изданието е поддржано од Министерството за култура на РСМ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје